ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за спроведување на урбанистички планови

УП1 Бр. 30-2985/2025 од 04.06.2026 год.

**ПРЕДМЕТ:** Соопштение

**ВРСКА:** **Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена А1.1-домување во станбени куќи на КП 1018 КО Лавци, Општина Битола, согласно Општ акт за "с.Лавци"- Битола, (Одлука бр.09-202/18 од 12.03.2015г.),** е-урбанизам бр.77074

Почитувани,

Во врска со член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Општина Битола организира **Јавно излагање за Проектна програма за Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена А1.1-домување во станбени куќи на КП 1018 КО Лавци, Општина Битола, согласно Општ акт за "с.Лавци"- Битола, (Одлука бр.09-202/18 од 12.03.2015г.).**

**Јавното излагање за Проектна програма за Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена А1.1-домување во станбени куќи на КП 1018 КО Лавци, Општина Битола, согласно Општ акт за "с.Лавци"- Битола, (Одлука бр.09-202/18 од 12.03.2015г.)**, ќе трае еден работен ден и ќе се одржи на **11.06.2026 година (четврток) во 13.00 часот** во просториите на Општина Битола (III кат), на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Проектниот опфат на урбанистичкиот проект со план за парцелација се наоѓа во рамките на планскиот опфат на Општ акт за село Лавци и претставува затворена линија која ја опфаќа катастарската парцела: 1018 КО Лавци, Општина Битола. Во рамки на проектниот опфат се планирани содржини со следните класи на намени: А1.1- домување во станбени куќи, Е1.1 – пристапна патека, Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија, Е1.5 – водоводни мрежи во населени места и Е1.6 – канализациски мрежи и септички јами. Површината на проектниот опфат во рамки на зададените граници изнесува 949 м$^2$.

Соопштението и графичкиот прилог од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена А1.1-домување во станбени куќи на КП 1018 КО Лавци, Општина Битола, согласно Општ акт за "с.Лавци"- Битола, (Одлука бр.09-202/18 од 12.03.2015г.), ќе бидат изложени на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од **05.06.2026 год до 11.06.2026 год.**, на веб страната на Општина Битола во панелот за јавна презентација и јавна анкета и информацискиот систем е-урбанизам.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица, можат да доставуваат забелешки, приговори и мислења во писмена форма преку шалтерите на Општина Битола или по пошта на адреса: Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Пристигнатите забелешки ги разгледува Комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки.

Се повикуваат сите заинтересирани правните и физичките лица да земат учество во јавното излагање.

Со почит,

Изработил :

Елена Станковска, диа

Одобрил, Раководител на Одделение:

Христијан Атанасовски, диа

**Градоначалник на Општина Битола**

**Тони Коњановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА БИТОЛА